















# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

**ИЗГОТВУВА:
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА**

# ЈАЗИКОТ ОПРЕДЕЛУВА И ЗБЛИЖУВА

Под мотото „Јазикот е бисерен ѓердан" учениците од ООУ „Аврам Писевски" денеска го одбележаа Светскиот ден на мајчиниот јазик.

Во рамки на културно-уметничката програма, основците говореа за совладувањето на јазичните бариери, како и за значењето и историската димензија на македонскиот литературен јазик. Оваа манифестација помина во мултиетнички предзнак, бидејќи се рецитираа поетски творби на македонски, ромски и албански јазик. Од особено значење беше присуството на претставниците од Државното училиште за средно образовани деца со оштетен слух „Партенија Зографски".

Во таа насока, на специјалниот знаковен говор на јазикот на глувонемите беше проследен настапот на група ученици, кои ја рецитираа песната „Без јазик си никој и ништо".

Сценската изведба на учениците од ООУ „Пашко Васа" од с. Групчин, практично демонстрираше како се совладуваат јазичните бариери. Имено, ова училиште е повеќегодишен партнер со ООУ „Аврам Писевски" во рамки на проектот „Меѓуетничка интеграција во образованието".

Во свечена атмосфера, директорката на ООУ „Аврам Писевски", Марина Милеска, им додели пофалници на претставниците на двете училишта со кои имаат повеќегодишна соработка.






## ОДБЕЛЕЖАН СПОМЕНОТ НА КУЗМАН ЈОСИФОВСКИ- ПИТУ

Со свежо положено цвеќе, пред спомен обележјето на револуционерот Кузман Јосифовски – Питу, во четврток (25,02,2016), делегација од локалната самоуправа му оддаде почит на големиот македонски херој. Почитувачите на животното дело на великанот Кузман Јосифовски – Питу, ја одбележаа 72 – годишнината од неговото загинување. Почит кон ликот и делото на истакнатиот борец за слобода, оддадоа и делегации на: Главниот одбор на сојузот на борците на Република Македонија, Градскиот одбор на СЗБ од НОАВМ, Општинската организација на сојуз на борци Карпош, претставници од Урбаната заедница Кузман Јосифовски – Питу, Организацијата на жени на општина Карпош, месната организација на Сојузот на борци ,,Орландиќ'', Здружението на пензионери – Карпош и Секцијата на жените борци – Карпош. Пригоден збор за ликот и делото на народниот херој презентира секретарот на Градскиот одбор на СЗБ од НОАВМ Скопје, Тодор Коцевски, кој исто така упати благодарност до општината Карпош за нејзиното ангажирање во уредувањето на просторот на спомен обележјето.



# КАРПОШ МУ ОДДАДЕ ПОЧИТ НА БОРИС ТРАЈКОВСКИ

По повод одбележувањето на дванаесет годишнината од смртта на претседателот на Република Македонија, Борис Трајковски, во петокот (26,02,2016), делегација од Општина Карпош му оддаде почит пред споменикот кој се наоѓа на платото на спорскиот центар „Борис Трајковски". Сеќавањето за прерано згаснатиот живот на претседателот, беше одбележано со положување свежо цвеќе пред спомен бистата, а присутни беа и претставници од Агенцијата за млади и спорт, претседателот на Сојузот на спорт во Македонија како и претставници од спортско радио.





# ДЕЦАТА ОД „ЛАЗО ТРПОВСКИ“ УЧЕА ЗА ЛОКАЛНАТА ВЛАСТ

во петокот (26,02,2016) учениците од четврто одделение од ООУ ,, Лазо Трповски'' , беа во посета на градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски и претседателот на Советот на Општина Карпош Сашо Лазаровски. Целта на оваа средба е директното запознавање со функционирањето на локалната самоуправа, како наставна содржина која се изучува по предметот „Општество“. Првиот човек на Општината и претседателот на Советот, одговарајќи на поставените прашања, на учениците од „Лазо Трповски“ им го објаснија начинот на функционирање на локалната самоуправа, нејзините надлежности и историјатот на Општината.

На крајот од работната средба, Јакимовски им порача на четвртоодделенците да се занимаваат со спорт и спортски активности и со упорност и цврста волја да работат и да веруваат во својот успех, за еден ден да прераснат во успешни репрезентативци.





# 10 ГОДИНИ СЛАТКА ХУМАНОСТ

Хуманоста во Општина Карпош стана традиција. во петокот (26,02,2016), потрошувачите во Т.Ц. „Скопје Сити Мол“ имаа можност да се релаксираат гледајќи го големиот избор на торти, изработени од врвни професионалци, но и аматери. По тој повод, Општина Карпош по втор пат е домаќин на „Слатка мистерија 2016“, овој пат десетта јубилејна манифестација, позната како тортијада. Станува збор за хумана акција која е иницијатива на хуманитарната организација ХОА „Ангелчиња“, а локалната самоуправа е организатор на истата.




- Ова што вечерва се случува во Т.Ц. „Скопје Сити Мол“ е изложбениот и натпреварувачкиот дел, а подоцна во хотелот „Гранит“, пред голем број присутни гости од скопските општини и бизнисмени од територија на Карпош, ќе се одржи лицитација за продажба на најуспешните торти. Парите собрани од аукцијата ќе бидат наменети за хумани цели, овој пат како финансиска поддршка на наша сограѓанка од населбата Влае, самохрана мајка која е во тешка здравствена состојба – истакна претседателот на Советот на Општина Карпош, Сашо Лазаровски.

Оваа година на манифестацијата учествуваат 25 аматери – изработувачи на торти и 19 професионалци од седум скопски општини и тоа: Карпош, Сарај, Бутел, Ѓорче Петров,










Кисела Вода и Гази Баба. Меѓу нив, само од Карпош, за најдобра торта ќе се натпреваруваат шест аматери – мајстори за торти и еден професионалец.

Големиот број на различни и шарени торти ја покажува заинтересираноста на мајсторите за слатки кои неуморно и со големо задоволство ги изработија комплицираните слатки задоволства.

- Заинтересираноста за учество на тортијадата беше огромна уште пред десеттина години, па се решивме да прераснеме во хуманитарна организација која ќе биде од ваков карактер. Тортите се најголемо задоволство на секој човек, па така, направивме акција каде ќе има забава и секако каде што граѓаните ќе можат да помогнат и да донираат финансиски средства, како еден хуман гест – заврши Мики Ангеловски, претседател на ХОА „Ангелчиња".

Инаку досега, највисока донација од тортијадите е собрана на петгодишнината од оваа хумана акција, кога исто така беше домаќин Општина Карпош, каде беа собрани 165.000 денари и донирани на Јоце Блажевски, заболен од церебрална парализа. Оваа традиционална манифестација се организира секоја година и тоа во различна општина од Градот Скопје.

# ТОРТИЈАДАТА ДОНЕСЕ 135.000 ДЕНАРИ ДОНАЦИЈА

По изложувањето на прекрасните торти во Т.Ц. ,,Скопје Сити Мол", свечениот дел од манифестацијата ,,Тортијада-Слатка мистерија 2016", продолжи во хотелот ,,Гранит". Во убава атмосфера, збогатена и со музички перформанс, беа прогласени најдобрите торти во две категории. Во категоријата „Аматери", признанието отиде кај три вредни домаќинки, кои се занимаваат со правење слатки и торти. Светлана Димовска од Гази Баба е победникот во оваа категорија, додека второто и третото место им припадна на Лилјана Јанкуловска и Сузе Ѓоргиевска. Во категоријата „Професионалци", награди им беа доделени на три афирмирани слаткарници од градот Скопје. ,,Специјал" од Ѓорче Петров е првонаграден во оваа категорија, додека кај ,,Аромати Чоколади" од Карпош и ,,Шехерезада" од Кисела Вода отидоа втората и третата награда. Како домаќин на оваа десетта јубилејна манисфетација гостите ги поздрави претседателот на Советот на Општина Карпош Сашо Лазаровски.

- Голема чест ми претставува што Општина Карпош е домаќин на оваа десетта јубилејна тортијада, и од името на градоначалникот на Општината, сакам да ви се заблагодарам за присуството оваа вечер. Општина Карпош секогаш ги поддржувала манифестациите од хуман карактер и токму од таа причина сме собрани тука. Се надевам средствата кои ќе бидат донирани, ќе му помогнат на еден наш сограѓанин од Карпош, изјави Лазаровски.

Како секоја година, така и оваа, со лицитирање за најубавите торти, беа собрани парични средства, кои ќе бидат искористени во хуманитарна цел. Вкупната сума која беше собрана како донација на општините од градот Скопје и од присутните вечерта е 135.000 денари.

